АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 13-04. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1913 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 19 март 2018 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 април 2018 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)

   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)

   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 19 март 2018 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 19 март 2018 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн.,

што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „Храмови", репортажа за црквата - Св. Јован Богослов, Канео – Охрид | 07:00:56 | 07:34:45 | Ниту на најавна ниту на одјавна шпица нема податоци – ни за датумот / периодот на реализацијата, ни за продуцентот, ни за авторската и уредувачката екипа што ги реализирала програмите. |
| Репортажа за Крушево | 07:36:29 | 07:54:25 | |
| Репортажа: „Виена - градот на музиката"; | 08:39:57 | 08:54:29 | |
| „Неформално", ТВ - портрет на Елена Пандева, сопственичка на фирмата „Елена Лука"; | 09:01:27 | 09:52:22 | |
| „Досие", актуелно - информативна со документаристички пристап; | 10:00:45 | 10:29:07 | |
| „Неформално", ТВ - портрет на д-р Владимир Чадиковски, специјалист по детска хирургија; | 11:00:37 | 11:49:56 | |
| „Неформално", ТВ портрет на Тони Зен, хип-хоп артист; | 14:01:48 | 14:50:57 | |
| „Храмови" – репортажа за црквата - Св. Пророк Илија, с. Рамна; | 16:33:38 | 16:49:34 | |
| „Неформално", ТВ – портрет на Вера Милошевска, пејачка; | 16:59:15 | 17:46:45 | |
| „Досие", актуелно - информативна со документаристички пристап; | 18:01:16 | 18:29:37 | |
| „Неформално", ТВ - портрет на д-р Владимир Чадиковски, специјалист по детска хирургија; | 19:27:54 | 20:15:41 | |
| Репортажа за Чернобил | 20:51:15 | 21:12:29 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 19 март 2018 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје и согласно со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи:***